# БИЛЈАНА ВУКОВИЌ: Субвенциите го модернизираат македонското земјоделство (ИНТЕРВЈУ)

Објавено на: 16.01.2016

Интервјуто е превземено од интернет порталот www.telegraf.mk

## Во однос на обвинувањата дека сме ги делеле субвенциите по определена политичка припадност или дека сме мистериозна, таинствена и контроверзна институција, тврдам дека сме најтранспарентни, категорична е директорката на Агенцијата за рурален развој во интервјуто за „Телеграф“




Билјана Вуковиќ (Фото: Телеграф.мк/Радован Вујовиќ)

Целта е да се создаде слика во јавноста дека нешто скандалозно се случува во заднина на институциите за да се влијае на електоратот. **Тоа е единствената цел што ја има дополнителниот заменик-министер за земјоделство кога обвинува за политичка заднина во делењето на субвенциите во земјоделството**.

Ова **во интервју за „Телеграф“ го вели Билјана Вуковиќ, директорката на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**. **Таа остро ги негира тврдењата на дополнителниот заменик-министер за земјоделство, Љупчо Николовски, дека субвенциите, наводно, се доделуваат нетранспарентно**. Со неа разговаравме во време кога субвенционирањето стана тема за партиски препукувања.




Билјана Вуковиќ (Фото: Телеграф.мк/Радован Вујовиќ)

- Агенцијата ги имплементира земјоделските субвенции од 2008 година, а со ИПАРД-програмата работиме од 2009 година. **Таму каде што се најголемите пари, а тоа е Програмата за финансиска поддршка на земјоделството, односно субвенциите, каде што во последните години се издвојуваат над 100 милиони евра секоја година и тој износ се зголемува – вели Вуковиќ**.

Таа истакнува дека за оваа година имаат 101 милион евра на располагање за исплата на субвенциите. **Според одредените мерки во програмата, генерално се исплаќа за растително производство, за сточарско, како и за предадено производство во преработувачки капацитети за овошје и зеленчук и за предадено млеко**.

Како што нагласува, **Агенцијата работи строго по правила во програмата, подзаконските акти и по Законот за земјоделство и рурален развој**.



(Фото: ЕПА)

- Правилата се јасни, однапред се познати и се јавно достапни за широката јавност. Тоа се правни акти. Врз основа на тие акти се исплаќаат сите што ги исполнуваат критериумите, а кои навремено доставиле барање во Агенцијата за добивање субвенции. **Од аспект на тоа што сме обвинувани, дека сме ги делеле субвенциите по определена политичка припадност или дека сме мистериозна, таинствена и контроверзна институција. Напротив, многу сме транспарентни – истакнува директорката на Агенцијата**.

Таа нагласува дека исплатите како што се реализираат така се објавуваат на интернет-страницата на Агенцијата, и тоа по програми, како за европските средства, така и за буџетските средства од националната Програма за рурален развој.

- Таму можат да се најдат податоци и од претходните години, исплати по име и презиме, по која основа, која мерка и кој е износот на средства што ги добива земјоделецот. Нашите документи подлежат на седум типа различни ревизии. Под надзор сме од внатрешна ревизија, **Државен завод за ревизија, ревизорското тело за ИПА, Министерство за финансии, ревизори на Европската комисија, ревизори на Европскиот суд на ревизори. Се анализира дали наменски ги трошиме средствата, дали има системски проблем во исплатата, дали се остваруваат целите на програмите – објаснува Вуковиќ**.



(Фото: Foter)

Таа остро ги негира обвинувањата од страна на дополнителниот заменик-министер за земјоделство**, дека поделбите на субвенциите, наводно, се одвиваат според нечија политичка припадност**.

- Немаме никаков индикатор во софтверот што ги обработува податоците, за чија било политичка припадност. Има индикатор дали се исполнуваат критериумите врз основа на податоците за земјоделското стопанство и која е сумата што следува. Тоа е начинот на кој работиме. Обвинувањата се, да не речам, смешни. **Ако има нешто погрешно во делот на политиката во програмите што овозможуваат една категорија луѓе да добијат субвенции, доколку се смета дека се дискриминирачки за друга категорија, во тој случај треба да се интервенира во програмите – категорична е Вуковиќ**.




(Фото: Телеграф.мк/Радован Вујовиќ)

Директорката открива дека **Николовски не покажал никаков интерес да се вклучи во изработката на програмата за субвенционирање**.

- **Јас не видов никаков ангажман на дополнителниот заменик-министер за земјоделство во делот на изработката на програмата. Не присуствуваше на ниту еден состанок додека се работеа, немаше ни писмено мислење во однос на програмите**. Така што целта не е да се учествува во подобрување на она што се вика земјоделска политика. Целта е да се создаде слика во јавноста дека нешто скандалозно се случува во заднина на институциите за да се влијае на електоратот. **Тоа е единствената цел што ја има дополнителниот заменик-министер – истакнува директорката на Агенција за рурален развој**.



фотоархива (Фото: Телеграф.мк/Радован Вујовиќ)

**Сè поголем интерес**

**Т: Бројот на апликации за субвенции расте. Каква е статистиката за 2015 година и очекувањата за 2016 година?**

- Интересот во однос на земјоделските стопанства расте од година во година. Нормално, растат и апликациите што ги добива Агенцијата за исплата на субвенциите. Нешто над 85.000 апликации имавме во 2015 година, 82.000 биле во 2014 година, очекуваме повеќе во 2016 година. **Ова особено затоа што планираме да го смениме начинот на аплицирање**.

Од годинава ќе почнеме со електронско аплицирање и за директните плаќања, субвенциите. **Досега електронски се аплицираше за Програмата за рурален развој, односно за мерките за набавка на механизација, за трактори и за подигање овошни и лозови насади**. Искуството покажа дека ова е успешно. Очекуваме со тоа да се намалат турканиците карактеристични за периодот на пријавување за субвенции во подрачните единици на Министерството за земјоделство.

**И досегашниот начин ќе остане, но со електронскиот систем ќе овозможиме навреме да заврши пријавувањето, а исплатите ќе бидат во рокот за исплати. На ваков начин Агенцијата ги добива податоците обработени**, а тоа дозволува да се вршат контроли и калкулации, да се завршат и исплатите и да бидат во рокот за исплата на субвенции.



(Фото: МИА)

**Т: Дали има доцнења во исплатата?**

**- Имаше доцнења во период на пријавување, но поради поплавите, наместо на крајот од мај, заврши на крајот на јуни. Исплатата доцнеше само за полјоделството, додека другите веќе беа исплатени во согласност со календарот**. Календарот го означува месецот кога почнува исплата на одредена култура, но не и дека мора да се заврши во тој месец. Некогаш има некои разлики по извршената контрола на терен, па предметот бара подолготрајна обработка. Но крајниот рок е секогаш почитуван, а тој е 30 јуни наредната година. **Секоја година сме сè подобри, идејата е да успееме што повеќе од програмата да се исплатува во тековната година**.

**Т: Споменавте за електронското аплицирање за набавка на механизација? Колкав беше интересот?**

- Вкупно имавме 1.624 апликации за трактори, за механизација, а претходната година во пишана форма добивме околу 1.200. **Обично се јавуваат од 1.200 до 1.500 апликации, времето за обработка е од шест до осум месеци.** Оваа година откако податоците се добиваат електронски полуобработени, како такви влегуваат во софтвер и договори се склучуваат два месеца по рокот за аплицирање, што е рекорден временски период за обработка на толку предмети.



Гроздобер, берење грозје (Фото: ЕПА)

Тоа е насоката по која сакаме да се движиме за да ја подобриме ефикасноста за олеснување на процесот на аплицирање и да биде поедноставно и побрзо. Поради поголемиот интерес за оваа мерка се искористи можност некои средства од други програми, кои не се искористени да се алоцираат за механизација. Така беа искористени 282 милиони денари за вкупно 920 договори за механизација, речиси 500 трактори и 1.500 парчиња друга механизација.

**Европски пари во земјоделството**

**Т: Почнавте проект за млади земјоделци**

- Да, она што го почнавме е мерката за поддршка на млади земјоделци од пред неколку години, кои почнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност со преземање веќе постоечко земјоделско стопанство или со поставување ново. Тоа е мерка за стартап-бизниси за луѓе од 18 до 40 години. **Поддршката е 10.000 евра, како грант. Сè што треба е да се има план за модернизација на земјоделското стопанство и кандидатот да докаже дека знае како да го обработува и дека има идеја**. Луѓето на почеток беа скептични, но сега заинтересираноста е сè поголема. И тука во однос на деловните планови се гледаат различни идеи што ги имаат луѓето.

**Т: Како Агенција одговорни сте и за реализација на ИПАРД-програмата. Дел е веќе реализиран, колку пари се на располагање за годинава и за догодина?**

- На крај сме на програмскиот период 2007-2013 година, ова е последна година, треба да завршиме со склучување на договорите на веќе пристигнатите апликации до

средина на оваа година и тука да направиме пресек, по што ќе продолжиме со вториот програмски период 2014-2020 година.



Оранжерии во Струмичко (Фото: Телеграф.мк/Влатко Перковски)

**Некако ми е жал што почнавме да работиме под полна пареа од неодамна, односно од неодамна имаме доволен број на апликации, дури повеќе од што имавме средства на располагање**. Порано немавме никаква реализација. Имаме исплатено 6,5 милиони евра и имаме уште 10 милиони евра во договори кои треба да се исплатат во 2016 и во 2017 година. За тие години покрај овие десет милиони евра, на располагање има уште пет милиони евра.

**Имаме 1.200 апликации годишно на двата јавни огласа што беа објавени во 2015 година, во вредност поголема од тоа што ни е на располагање во 2016 и во 2017 година**.




Билјана Вуковиќ (Фото: Телеграф.мк/Радован Вујовиќ)

Добро е што ја вративме довербата. **Имаме апликации и сега сите размислуваат во насока дека е подобро да земат грант отколку кредит во банка. Најмногу апликации се за механизација, но веќе има и за вистинска модернизација**, за откупни центри, фарми, системи капка по капка.

(Александра Томиќ/Телеграф.мк)